There are no translations available.



Со средства во висина од 3.300.000 денари обезбедени од Буџетот на општина Неготино во населбата ,, Градска порта ,, работници на претпријатието Пер-инжинеринг се ангажирани на изведување на водоводна линија и фекална канализација за потребите на сопствениците кои на споменатиот потег имаат купено плцови за изградба на индивидуални станбени објекти. Вдоводната линија се надополнува со нови 200 метри за што од Буџетот ќе бидат реализирани средства во висина од 1.200.000 денари, додека заизведувањето, т.е. надополнувањето на фекалната канализација ќе бидат издвоени 2.100.000 денари. По завршувањето на работите, сите станбени објекти што ќе се градат ќе можат да се приклучат на водоводната мрежа и на фекалната канализација.

